Р Е П У Б Л И К А М А К Е Д О Н И Ј А
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# П Р А В И Л О
## за начинот на издавање и извршување на наредби во Армијата на Република Македонија

*-Бр.06-810/3 од 07.05.2012 година*

-Скопје, 2012 година-

Врз основа на член 8 став 7 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“, бр.36/10, 23/11, 47/11 и 148/11), претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата на Република Македонија, донесе

# П Р А В И Л О
## за начинот на издавање и извршување на наредби во Армијата на Република Македонија

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со ова правило се утврдува начинот на издавање и извршување на наредби во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата).

2. Извршувањето на наредби во Армијата е основа за успешно одвивање на животот и работата на Армијата и за извршување на обврските и задачите.

3. Воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата во вршењето на службата се должни:

- совесно и навремено да ја извршуваат наредбата добиена од претпоставениот старешина, која се однесува на вршење на службата, а во случај на негово отсуство и кога е неопходно да се преземаат мерки за извршување на неодложни и значајни задачи, се должни да ја извршуваат и наредбата на постариот старешина;
- наредбите од претпоставениот старешина во врска со службата да ги извршуваат без приговор, потполно, точно и на време.

## II. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА НАРЕДБИ

4. Наредбата се издава усно или писмено.

Претпоставениот старешина кој издал усна наредба за преземање на активност со чие извршување е можно предизвикување на материјална одговорност за извршителот или се однесува на заштитата на животот и здравјето на луѓето и слично, должен е во рок од 24 часа од издавањето на усната наредба да издаде и писмена наредба.

Претпоставениот, односно постариот старешина не смее да издаде наредба чие извршување претставува кривично дело.

Воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата ако прими наредба чие извршување претставува кривично дело, е должен за примената наредба веднаш да го извести повисокиот претпоставен старешина или постар од старешината кој ја издал наредбата и да го одбијат нејзиното извршување.

5. Издадената наредба мора да биде потполна, кратка и јасна.

6. Писмена наредба се смета и наредбата пренесена преку средствата за врски кои оставаат пишан траг или се внесуваат во пропишаните документи (книги, обрасци и слично).

7. При издавањето на наредбата претпоставениот е должен да води сметка за нејзината реалност и можност за извршување.

8. Наредбата се издава по редовен пат непосредно на потчинетите. Ако интересите на службата бараат, посебно во итни случаи претпоставениот старешина може да отстапи од редовниот пат. За тоа го известува претпоставениот старешина на лицето на кое му ја издал наредбата.

9. Наредбата може да ја измени или да ја укине старешината кој ја издал истата или повисок претпоставен старешина.

10. Ако повисокиот претпоставен старешина ја измени или ја укине наредбата на потчинетиот старешина- го известува за тоа.

## III. ИЗВРШУВАЊЕ НА НАРЕДБИ

11. Воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата при извршувањето на наредбите на претпоставениот старешина во врска со службата е должен да ги извршува потполно, точно и на време и да постапува по нив во согласност со Устав, закон или друг пропис.

Ако припадникот на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата смета дека наредбата не е во согласност со Уставот на Република Македонија, со закон и со друг пропис, должно е за тоа да му укаже на лицето кое ја издало наредбата.

Припадникот на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата не може да биде повикан на одговорност заради даденото укажување.

Ако припадникот на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата не го предупреди непосредно повисокиот претпоставен старешина дека наредбата е неуставна, односно незаконита и ќе ја изврши, за нејзиното извршување ќе одговара тој и претпоставениот старешина кој ја издал наредбата.

12. Воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата е должен да ги извршува наредбите на најстариот присутен старешина кога не е присутен претпоставениот старешина и кога е неопходно да се преземат мерки за извршување на неодложни задачи, посебно во борба, вонредни околности и во услови на воспоставувањето на нарушената организација на работата и пропишаниот ред и дисциплина.

13. Припадникот на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата кој непосредно ја примил наредбата од претпоставениот или повисокиот старешина, ја извршува добиената наредба и го известува својот претпоставен, штом за тоа ќе се создадат услови.

По извршувањето на секоја наредба се известува претпоставениот, односно старешината кој ја издал наредбата.

14. Кога припадникот на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата ќе прими усна наредба и ја сфати, му соопштува на претпоставениот (постариот старешина) дека наредбата ја разбрал, на пр.: „Разбирам“ и пристапува кон извршување. Ако наредбата не ја сфатил, бара објаснување.

15. Кога потчинетиот ќе прими наредба непосредно од повисокиот претпоставен старешина, која го спречува извршувањето на наредбата добиена порано од претпоставениот старешина, го запознава повисокиот старешина со тоа и ја извршува неговата наредба. Во тој случај потчинетиот го известува претпоставениот старешина дека не е во можност да ја изврши неговата наредба.

16. Кога при извршување на наредба ќе се појават непредвидени околности кои условуваат измена на наредбата, потчинетиот е должен за тоа веднаш да го извести старешината кој му ја издал наредбата. Ако не може да го извести, презема потребни мерки во согласност со настанатата ситуација.

17. Кога потчинетиот ќе процени дека примената наредба не може на време да ја изврши, благовремено бара продолжување на рокот. Припадникот на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата кој не ќе ја изврши наредбата потполно, точно и на време, претпоставениот старешина го повикува на одговорност.

18. Ова Правило влегува во сила со денот на донесувањето.

Претседател
на Република Македонија и
врховен командант на
Армијата на Република Македонија
Ѓорге Иванов